
LE PRESIDENT
DE LA REPUBLIQUE HELLENIQUE

Ayant désigné et accepté la nomination de

Monsieur Antoine Nicolaidis

comme Consul Général de Grèce à Skoplje avec juridiction sur les territoires de la République Socialiste de Macédoine et de la Province Socialiste Autonome de Kosovo afin que tous nos ressortissants y résidant ou y arrivant pour exercer le commerce ou toute autre activité, puissent obtenir de lui toute aide et protection légale.

Nous prions le Gouvernement de la République Socialiste Fédérative de Yougoslavie de lui permettre d'exercer pleinement et librement ses fonctions consulaires et de lui accorder tous les droits, privilèges et facilités dont jouissent les Consuls des autres pays.

En quoi cette patente a été signée par nous, contresignée par notre Ministre des Affaires Etrangères et revêtue du Grand Sceau de la République.

Fait à Athènes le quatorze septembre de l'année mille neuf cent soixante-dix-neuf.

LE PRESIDENT DE LA REPUBLIQUE HELLENIQUE
(Sign.)
CONSTANTINOS TSATSOS

LE MINISTRE DES AFFAIRES ETRANGERES
(sign.)
GEORGES RALLIS

Писмото е потпишано од Константинос Цацос, поранешен шеф на грчката држава, кој беше на власт од 1979 до 1980, а важеше за еден од најблиските соработници на Константин Караманлис постариот.

Грција немала никаков проблем да ја именува нашата држава под уставно име во времето на поранешна СФРЈ. Тоа го докажува и овој документ – писмо за именување на генерален конзул на Грција во Скопје од 1979 година од властите во Атина, во кој нашата држава се именува како Социјалистичка Република Македонија.

„Со назначување и прифаќање на номинацијата на г. Antoine Nicolaidis во својство на генерален конзул на Грција во Скопје, со надлежност на територијата на Социјалистичка Република Македонија и на Социјалистичката автономна покраина Косово, за сите наши граѓани кои живеат таму, или кои доаѓаат да тргуваат, или да извршуваат други активности, добиваат помош и правна заштита… Ја молиме Владата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија да му овозможи целосно и слободно извршување на своите конзуларни функции и да му ги даде сите права и привилегии што ги уживаат сите конзули од другите земји", се вели во документот од 14 септември 1979 година.

Како што може да се види, писмото е потпишано од Константинос Цацос, поранешен шеф на грчката држава, кој беше на власт од 1979 до 1980, а важеше за еден од најблиските соработници на Константин Караманлис постариот.

Професорот од Солун, Власис Власидис, за Телеграф.мк го дава своето видување зошто Грција во тоа време без проблем ја именувала како Македонија нашата држава.

- Земјата беше дел од југословенската држава. Тоа беше внатрешно прашање на Југославија, а не меѓународно – смета Власидис.

И од други документи од архивата може да се забележи дека на грчките власти не им

пречело уставното име во периодот пред независноста.

Поголемите политички партии во Грција на 13 април 1992 се согласуваат дека зборот Македонија не може да биде вклучен во ниту една форма во името на Република Македонија. Грчката дијаспора, исто така, се мобилизира вршејќи силен притисок во Соединетите Американски Држави и во Канада. И денеска, грчките иселеници се најтврдокорни во тврдењата дека Грција во преговорите за името не смее да попушти за тоа зборот „Македонија“ да биде дел од името на соседната држава.

(Ивана Костовска/Телеграф.мк)

Macedonia : a True Endless Story ...